РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 05-732/1
09.03 2020 год.
КОЧАНИ

Друштво за производство,трговија и услуги
ЦВЕКАРНИЦА ФЛОРА КРЕАТИВ ДООЕЛ
БР. 01/2020
05.03 2020 год.
Кочани

# Д о г о в о р

**Склучен помеѓу:**

1. **Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул.“Раде Кратовче“ бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган ( во понатамошниот текст : ***Нарачател***) **и**

2. Друштво за производство, трговија и услуги ***„Цвекарница ФЛОРА Креатив„ ДООЕЛ Кочани***, со седиште на ул. „Димитар Влахов“ бр.8 Кочани, ДБ: 4013018516640 и ЕМБС:7305591, жиро с-ка 200000006855952, депонент на Стопанска банка АД Скопје, застапувано од Управителот Тоше Манев (во натамошниот текст: **Вршител на услугата).**

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка на услуга е:

**Декорација и дизајн на културни јавни настани организирани од Општина Кочани**

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација изработена од Корисникот на услугата, за спроведување на Набавка од мала вредност, со објавување на оглас од 28.01.2020 год. , објавен на ЕСЈН а врз основа на Одлука за јавна набавка од 15.01.2020 год.

***Вредност на договорот***

**Член 2**

Согласно Одлуката за јавна набавка од 15.01.2020 год. вкупната договорена вредност што може да се плати за извршувањето на услугите опишани во техничката спецификација, односно обезбедените средства за реализација на овој договор за конкретниот предмет на набавка **се во висина од 120.000,00 ден. без ДДВ**, односно **141.600,00 ден. со вклучен ДДВ 18 %.**

Единечните цени за услугите – по опис на услуга, без ДДВ и со вклучен ДДВ се составен дел од овој договор, а во согласност и извештајот за текот на е-аукцијата од ден 13.02.2020год. генериран на ЕСЈН.

Корекција на цените на услугите за предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот, освен ако корекцијата оди во надолна линија.

Договорниот орган нема обврска да ја потроши вкупната вредност на договорот.

***Извор на средствата за реализација на договорот***

**Член 3**

Средствата за реализација на договорот за конкретната јавна набавка, согласно Одлуката за јавна набавка се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2020 год., Програма К4, ставка 426.

***Начин и рок на плаќање***

**Член 4**

Плаќањето ќе се врши по доставена фактура и извештај за стварно извршени услуги согласно техничката спецификација од страна на Вршителот на услугата, а согласно единичните цени прилог на овој Договор без пресметан ДДВ.

Плаќањето ќе се врши во рок до 30 (триесет) дена сметано од денот на приемот на фактурата со прилог копија од барањето на Корисникот на услугата и извештај за извршена услуга потврдена од Одделението за јавни дејности, односно испратница за купено цвеќе во архивата на Корисникот на услугата, а ДДВ ќе биде посебно изразен во фактурата.

Составен дел на фактурата ќе биде извештај за стварно извршени услуги, во кој ќе биде опишана конкретната услуга по вид и количина.

Доколку фактурата не ја содржи предвидената придружна документација, истата нема да се реализира и ќе биде вратена на Вршителот на услугата**.**

***Начин, рок и место на извршување на услугите***

**Член 5**

Набавката е сукцесивна, во тек на 12 /дванаесет/ месеци, сметано од денот на склучување на договорот или се до потрошување на вредноста на договорот, а ќе се врши во зависност од потребите на Корисникот на услугата.

Вршителот на услугата пристапува кон реализација на предметот на набавка во рок од најмногу 1 (еден) ден по поднесено барање на Корисникот на услугата согласно потребите на истиот. Во поднесеното барање Корисникот на услугата ќе изврши прецизирање на бараната услуга и видот на настанот за потребите на кој треба да се изврши украсување, декорирање и дизајнирање на сцената согласно понудата.

***Права и обврски на договорните страни***

**Член 6**

Носителот на набавката е должен услугите од чл.1 на овој Договор да ги извршува согласно техничката спецификација, на начин, време и рокови кои ќе бидат утврдени во секое конкретно сукцесивно поднесено барање од страна на Договорниот орган, а согласно прописите и правилата на струката за вршење на ваков вид на услуга.

Ако Носителот на набавката не ги извршува услугите според договорениот начин или неквалитетно ги извршува услугите, Договорниот орган има право да го раскине договорот и да бара право на надомест на штета.

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

**Член 7**

Корисникот на услугата се обврзува да постапува согласно начинот и рокот за плаќање, утврдени во чл. 2 на овој Договор.

***Договорна казна***

**Член 8**

Во случај на неквалитетно вршење на услугите од страна на Вршителот на услугата, Корисникот на услугата има право на надомест на штета и договорна казна – пенали .

Договорната казна се определува во висина од 5% од вредноста на услугата, но не повеќе од 20% од вкупната вредност на договорот при што потребно е веднаш од страна на Корисникот по приемот на извршената услуга да му врачи на Извршителот писмено известување дека Корисникот го задржува правото на договорна казна- пенали.

Во случај на неисполнување на договорените услуги, Корисникот на услугата има право да го раскине Договорот со проста изјава и да бара надомест на штета /која Вршителот на услугата е должен да му ја надомести /.

***Времетраење на важност на договорот***

**Член 9**

Овој Договор се склучува за времетраење од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на склучувањето на истиот или се до потрошување на вредноста на договорот.

***Завршни одредби***

**Член 10**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

**Член 11**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма ,ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РМ.

**Член 12**

Договорните страни се согласни за сè што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Северна Македонија, за вршење на ваков вид на набавка.

**Член 13**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста овој Договор.

**Член 14**

Во случај на спор по овој Договор, договорните страни ќе се обидат да го решат спогодбено, во спротивно ќе решава стварно и месно надлежен суд .

**Член 15**

Овој Договор е составен во 6 / шест / еднакви примероци, од кои 2 /два / примерока за Вршителот на услугата, а 4 /четири/ примерока за Корисникот на услугата и стапува на сила со денот на неговото склучување.

***за Вршителот на услугата ,***
***Управител,***

***( Тоше Манев )***

***за Корисникот на услугата,***
***Градоначалник,***

***( Николчо Илијев)***

*Составен дел на овој Договор е :*
*- листа на цени согласно резултатите од е-аукцијата*

***Изработил: Виш соработник за спроведување на постапки за јавни набавки Александра Миткова***
***Согласен : Раководител на Одделение за јавни дејности –Голубинка Георгиева***
***Контролирал: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева***

**Листа на цени**

**Декорација и дизајн на културни јавни настани организирани од Општина Кочани**

| Ред .бр. | Вид и опис на услуга | Ед. цена без ДДВ | ДДВ | Единечна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Декорација и дизајнирање на отворена сцена за настан: **Априлијада (1-ви Април- ден на шегата).**<br>Декорацијата да опфаќа позајмување на: цвекиња во саксии, паравани, платна, балони, маскоти направени од картон, декоративни ленти во разни бои, декоративни лустери во разни бои и др. украсни елементи по потреба. Декоративните елементи ќе се прилагодуваат според пригодата (настанот кој ќе се одржува) и потребата. | 9.152,40 | 1647,43 | 10.799,83 |
| 2 | Декорација и дизајнирање на настан: **Избор на литературна и ликовна творба.**<br>Декорацијата да опфаќа украсување со позајмување на: цвекиња во разни бои во саксии и иќебани, паравани со апликација на книги, соодветни платна, соодветен мебел- двосед (1 број), столчиња (4 броја), маса (1 број), декоративни прекривки- черги, вазни, и др. елементи по потреба. Декоративните елементи ќе се прилагодуваат според пригодата (настанот кој ќе се одржува) и потребата. | 3.051,00 | 549,18 | 3.600,18 |
| 3. | Декорација и дизајн на литературен настан: **Промоција на книги**<br>Декорацијата да опфаќа украсување со позајмување на: саксиски цвекиња во разни бои - минимум 2 броја, паравани и др. декоративни елементи пригодни на настанот. | 3.051,00 | 549,18 | 3.600,18 |
| 4. | Декорација и дизајн на: **Музички сценски**<br>Новогодишно украсување (декорација и дизајн по идеја на носителот на набавката) на затворената сцена - затворен простор (голема сала на НУЦК „Бели мугри“ или др. голема просторија/сала во друг објект) во Кочани за одржување на новогодишниот концерт на ОМУ „Ристо Јуруков“ Кочани.<br>Новогодишното украсување ќе се врши со позајмување на новогодишни декоративни елементи- светлосни фигури во облик на ѕвезди, снегулки, снежни топки, лампиони, две новогодишни зелени елки со висина од мин. 4 м., новогодишни зелени елки (4 броја) со висина од мин.2,4 м., снежни бели елки (4 броја) со висина од мин.2,1 м., снежни бели | 20.340,00 | 3661,20 | 24.001,20 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **настани** | елки (10 броја) со висина мин 0,6., снежни бели елки (10 броја) со 0,45м. , декоративни платна во пригодна боја (бела, црвена, зелена), декоративни фенери со свеќи (10 броја), соодветен мебел-двосед (2 броја), столчиња (4 броја), маса (1 број) со декоративни прекривки, декоративни метални предмети во облик на велосипед, во облик на новогодишна санка обезбедени (позајмени) од носителот на набавката и дизајнирање според план и идеја од носителот на набавката, прифатени од договорниот орган. | | | |
| | | Декорација и дизајн на **класичен музички настан** со позајмување на пригодни саксиски цвекиња и зимзелени цвеќиња и др.елементи од носителот на набавката. | 2.544,00 | 457,92 | 3.001,92 |
| | | Декорација и дизајн на **фолклорен (етно) музички настан** со позајмување на пригодни саксиски цвекиња и зимзелени цвеќиња, бали од слама, етно елементи -черги, дрвени буренца, глинени вазни (стомни), стари тркала од кочија, стара кочија , дрвени инструменти и алат за жетва и др. потребни елементи од носителот на набавката | 5.085,00 | 915,30 | 6.000,30 |
| | | Декорација и дизајн на **забавен детски/младински музички настан** со позајмување на балони, детски фигури направени од картон и балони, ангажирање на мин. 2-ца детски аниматори, соодветни маски за настанот од носителот на набавката | 5.085,00 | 915,30 | 6000,30 |
| | | Соодветна декорација и дизајн на други настан/и во случај на потреба непланиран/и во текот на годината | 2.544,00 | 457,92 | 3.001,92 |
| 5. | Декорација и дизајн на настан: **Свечена седница на Совет на Општина Кочани** Декорацијата да опфаќа украсување со позајмување на саксиски цвеќиња. | | 1.524,00 | 274,32 | 1.798,32 |
| 6. | Декорација и дизајнирање на отворена сцена на НУ Центар за култура „Бели Мугри" Кочани за настан**: Избор на жетварска убавица** (настан од манифестацијата Денови на кочански ориз). Декорацијата да опфаќа украсување со позајмување на: саксиски цвекиња и зимзелени цвеќиња, бали од слама, етно елементи -черги, дрвени буренца, глинени вазни (стомни), стари тркала од кочија, стара кочија, дрвени алат за жетва и др. | | 18.000,00 | 3240,00 | 21.240,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | потребни елементи од носителот на набавката | | | | |
| 7. | Набавка (купување) на иќебана од свежи цвеќиња | Мала икебана (3 бр. гербер, 1 бр. крин, 2 бр.хризантеми и зеленило: 1папрат, 1палма, 1сунгер и 1 тацна) | 432,00 | 77,76 | 509,76 |
| | | Средна икебана (4 бр. рози, 3 бр.гербер и 3 бр.кала и зеленило:1 папрат, 1палма, 1сунгер, 1тацна) | 612,00 | 110,16 | 722,16 |
| | | Голема икебана (2 бр. антуриум, 2 бр. стрелициум и 5 бр. ружи и 2 бр.гербер и 1 бр.хризантема и зеленило: 1папрат,1 палма,1 сунгер, 1тацна) | 915,00 | 164,70 | 1.079,70 |
| 8. | Набавка (купување) на свежо цвеќе | роза | 50,85 | 9,15 | 60,00 |
| | | хризантема | 50,85 | 9,15 | 60,00 |
| | | карамфил | 26 | 4,68 | 30,68 |
| | | гербер | 40,68 | 7,32 | 48,00 |
| | | орхидеја | 609,60 | 109,73 | 719,33 |
| | | кала | 30,50 | 5,49 | 35,99 |
| | | крин | 76,27 | 13,73 | 90,00 |
| | | антуриум | 127,20 | 22,90 | 150,10 |
| | | стрелициум | 127,20 | 22,90 | 150,10 |
| | | гладиола | 25,20 | 4,54 | 29,74 |
| | | алстромериа | 50,85 | 9,15 | 60,00 |
| | | лале | 30,50 | 5,49 | 35,99 |
| | | ирис | 30,50 | 5,49 | 35,99 |
| 8.1 | Дополнителни елементи за букет (зеленило): | папрат | 15,00 | 2,70 | 17,70 |
| | | палма | 15,00 | 2,70 | 17,70 |
| | | Кокос | 15,00 | 2,70 | 17,70 |
| | | Кордолино | 15,00 | 2,70 | 17,70 |
| | | беарграс | 15,00 | 2,70 | 17,70 |
| | | украсна хартија, боја по избор | 15,00 | 2,70 | 17,70 |
| | | Украсна трака, боја по избор | 15,00 | 2,70 | 17,70 |
| 9. | Пакување на соодветни поклони за соодетни настани и пригоди со украсни декоративни хартии мин.1м. | | 15,00 | 2,70 | 17,70 |

***за Вршителот на услугата ,***
***Управител,***

***( Тоше Манев )***

***за Корисникот на услугата,***
***Градоначалник***

***(Николчо Илијев)***

*Изработил: Виш соработник за спроведување на постапки за јавни набавки Александра Миткова*
*Согласен : Раководител на Одделение за јавни дејности –Голубинка Георгиева*
*Контролирал: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева*